# УТВРДУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА МИКРООСИГУРУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## АПСТРАКТ

Лицата со ниски приходисекојдневно се изложени на разни ризици. Ваквата изложеност придонесува за продлабочување на нивната сиромаштија. На овие лица на располагање им стојат разни стратегии за управување со секојдневните ризици. Еден од начините за справување е микроосигурувањето. Оваа финансиска услуга датира од поново време, иако нејзиниот концепт е познат од многу одамна. Микроосигурувањето, како осигурување на лицата со ниски приходи, е застапено во неколку земји во светот. Плејада на реномирани меѓународни институции вложуваат секојдневни напори за промоција на овој вид финансиска услуга во светот, поттикнувајќиги одделните земји за нејзино воведување.

**Основна цел** на докторското истражување е добивање сознанија за подготвеноста на Република Македонија за развој на микроосигурувањето во функција на намалување на сиромаштијата и зголемување на пристапот на ЛНП до финансиски услуги. За потребите на докторското истражување извршено е дескриптивно истражување со примена на квалитативни и квантитативни **методи на истражување**. Спроведена е анкета која опфаќа лица со ниски приходи, како и менаџери од македонските друштва за осигурување. Покрај примарните извори на

податоци користени се и секундарни извори на податоци заради оценување на социо - економскиот контекст на дејствување на македонскиот пазар на осигурување. **Добиените резултати**идентификуваатпостоење на можности за развој на микроосигурување. Ваквите можности се резултат добрите пазарни услови на стопанисување во Република Македонија, постоење на можности за развој на понуда и побарувачка на микроосигурување. Отсуството на законска регулатива за микроосигурување, не е пречка за развој на микроосигурувањето.

Република Македонија, како земја со голем процент на сиромашни лица, неопходно треба да преземе одредени чекори за развој на микроосигурувањето. Владата за таа цел, мора да изготви соодветна платформа за поттикнување на нејзиниот развој. Потребно е да се изготви одредена законска регулатива за микроосигурување, како би се овозможил побрз развој на оваа финансиска услуга. Исто така, постојните субјекти на пазарот на осигурување треба да се охрабрат да настапат на пазарот на сиромашни лица, како би им помогнале на овие лица во справувањето со секојдневните ризици. Развојот на микроосигурувањето во Република Македонија треба да биде подржан и со едукација на ЛНП за придобивките од користење на осигурувањето како инструмент за управување со нивните секојдневни ризици.

**Клучни зборови:***Микроосигурување, Лица со ниски приходи, Осигурување на лица со ниски приходи, Сиромашни лица, Осигурување на сиромашни лица.*

# DETERMINING OPPORTUNITIES FOR MICROINSURANCE DEVELOPMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA

## ABSTRACT

People with low levels of income are exposed of different kinds of risk in their lives. This exposure leads to poverty deepening. People with low levels of income have many different available types of risk management strategy. Microinsurance is one of many risk management strategies. This financial service became famous last ten years, but its concept had been known many years ago. Today, microinsurance as insurance for people with low levels of income is present on a few countries' market. Some international institutions are making efforts for world promotion of microinsurance, stimulating the countries to implement it on their market.

The main porpoise of this study is determining opportunities for microinsurance development in Republic of Macedonia. This research is based on descriptive research implementing qualitative and quantitative research methods. Survey is made on a number of people with low levels of income. Survey is performed on management of Macedonian insurance company, also. Primary and secondary data sources are used. The results identify opportunities for microinsurance development. The reasons areexistence of opportunities for microinsurance supply and demand development, as well as the positive market preconditions for microinsurance development. The absence

of microinsurance legislation in Macedonian law is not an obstacle until many countries experience show microinsurance development in informal regulatory environment.

Republic of Macedonia is country with high level of poor people and should use the preconditions for creation of opportunities for microinsurance development. Government for this purpose must develop appropriate platform to encourage its development. In order to enable faster development of this financial service, it is necessary to prepare certain microinsurance legislation. Also, the existing entities of the insurance market should be encouraged toenter the poor people market, as would help these people deal with everyday risks. The development of microinsurance in Republic of Macedonia should be supported by educating poor people of using insurance as a tool to manage their risks.

**Key words**: *Microinsurance, Microinsurance Development, Poor People, Insurance for Poor People.*